# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Четвртото продолжение на Осумдесетата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 септември 2001 година

Седницата се одржа во Собранието на РМ, сала I , со почеток во 11,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Г. Стојан Андов, претседател на Собранието.

Продолжуваме со работа.

Ги молам пратениците да притиснат на едно од копчињата и ве молам сконцентрирајте се за да некој од невнимание некој да не притисне, па да мораме да пребројуваме.

Во салата се присутни 73 пратеници.

Констатирам дека присутни се повеќето од половината од вкупниот број пратеници и Собранието може да работи.

Продолжуваме со претрес по Осумдесетата седница.

За збор се јави Г. Амди Бајрам, но не е тука.

Г. Абдурахман Алити се јави за збор.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Почитуван Г. претседателе, г-да пратеници,

Во текот на досегашната расправа по предлогот на претседателот на Републиката за пристапување кон измена на Уставот беа изнесени разни аргументации про и контра предлогот.

Се разбира, јас ги почитувам сите аргументи изнесени за или против предлогот што незанчи дека ги прифаќам , некои од нив се разбира, ги прифаќам, Но особено не ги прифаќам аргументите кои одат кон тоа сите причини за кризата да ги бараат некаде надвор од нас, а не во нас самите, па во таа смисла беа изнесени констатации дека причина за кризата е минатата Влада, причина за кризата е оваа Блада, причина за кризата е односот на Меѓународната заедница спрема нас, некој рече и НАТО и тн.

Јас ќе се обидам сосема во кратки црти да изнесам неколку причини кои се во нас самите. Јас гледам и тука присутни кои треба да се чувствуваат виновни за тоа што ни се случи. Јас за себе јавно изјавувам дека сум еден од виновниците, но не сум сам. Виновен е и претседателот што седи позади мене, виновен е и претседателот на СДСМ, виновен е и претседателот на ВМРО -ДПМНЕ, виновни се и многу тука присутни пратеници кои беа во првиот состав на Собранието на РМ. Тоа е факт. Сега зошто велам така? Велам затоа што ве потсетувам 1991 год, сите релевантни политички субјекти во РМ и јавно се декларираа дека сакаа РМ да се осамостои, да биде самостојна, независна , суверена држава, во границите определени додека таа беше во состав на СФРЈ. Тоа е факт.

Факт е дека Партијата за демократски просперитет, тогаш и Народната демократска партија која исто така имаше еден или двајца пратеници тука во Собранието се изјаснија дека на референдум ќе се изјаснат за осамостојување на РМ. Тоа беше јавно дадена изјава од тогашното раководство на ПДП и НДП . Што се случи? Во периодот на подготвувањето на референдумот и утврдувањето на постапката за референдумот , пратеничката група на ПДП излезе со едно барање да знае Собранието да се изјасни каков статус ќе имаат албанците во ново формираната условно да кажам РМ , демократска, се разбира, кое ќе биде нивното место, нивната улога, нивната положба, нивниот статус воопшто. Во таа смисла предложивме Собранието да донесе една декларација за рамноправниот статус на Албанците во РМ. Собранието, како што ви е познато, одби да расправа по предлог-декларацијата. Јас не велам дека тогашното Собрание требаше да го усвои тој документ, но велам дека беше голема грешка што не се дозволи една расправа , искрена расправа, демократска на Собранието за да се разјаснат многу нејасни работи. Што направивме ние? Искрено да ви кажам и тогаш бев пратнеик и со раководството на партијата тогаш одлучивме да постапиме многу апсурдно во смисла што определбата беше РМ да се осамостои , беше партиска определба, но немавме никаква минимална гаранција за тоа во каква Македонија ќе живееме. Постапивме така како што постапивме, а постапивме лошо, се разбира, против своја волја, спротивна на партиската определба, постапивме како што не сакавме, сакавме да излеземе и да гласаме против референдумот, а поради предмалку изнесениот факт ние постапивме така што ги повикавме луѓето, да употребам тежок збор, да не излезат на референдумот, некој тогаш рече дека Албанците го бојкотираат референдумот. Тоа е фактот број еден.

Број два , помина референдумот пристапивме кон изготвување на нов Устав на самостојна и соверена РМ. Јас , за среќа или несреќа и со многумина тука присутни бев член на Уставната комисија. Претседателот на Собранието и тогаш претседател на Собранието и по функција претседател на Уставната комисија, веројатно се сеќава дека ние тогаш во Уставната комисија сме ги изнеле истите ама дословно истите аргументи во поглед на барањата што денеска се предмет на

убедување со Рамковниот договор. Кој не верува нека ги земе стенограмите од работата на Уставната комисија, нега ги погледне и стенограмите од работата на Собранието по повод расправата за текстот на Уставот ќе се увери дека ова беше вака. Што беа тие прашања? Па истите г-да. Беше прашањето за употреба на јазикот, беше прашањето за начинот на одлучувањето, образовните прашаша и тн. Истите на кои се навраќаме после 10 и повеќе години. Зарем тоа не говори за недостаток на наша визија, зарем тоа не говори за недостаток на наша определба за создавање услови за живеење во мир, во хармонија и во релаксирани односи. Но, тоа помина така како што помина. Во натамошниот тек на изградба на правниот систем на новата држава ние постојано ги повторувавме, гледано од мој аспект, грешките.Ќе ве посетам само, затоа што тој пример беше неколку пати тука експлоатирам кога го донесовме Законот за државјанството, ако не се лажам беше во 1993 год, ние излеговме со теза дека РМ која се издвојува од СРЈ наследува простор кој го има во тој период, ги наследува сите права и обврски од поранешната држава од која произлегува и следствено на тоа треба да го наследи и присутното население на таа територија. Што ние како Собрание направивме? Измисливме незнам колку заврлами за да оневозможиме добар дел о Албанското население кое со децении живее тука да неможе да добие македонско државјанство. Ние тој Закон, да ве потсетам само како парламентарна група не го гласавме, бевме против тој Закон дури ја напуштивме работата на седницата кога беше актот на гласањето за Законот. Од денешен аспект гледано можеби беше грешка, но тоа е факт.

Се донесе Законот, сега слушам критики дека тој Закон не бил добар, незнам во кој дел не бил добар освен ако некој навистина барал со Законот да се рече дека сите грагани што живееле во РМ добиваат државјанство освен албанците, или ако сакате погрубо да речам да предложи некој закон за укинување на Албанците , да не постојат, а тие постоја, тие се тука.

Затоа велам дека тие грешки можеби некому ќе изгледаат ситни, незначителни, меѓутоа, се редат по некоја законормерност. Настапи периодот на изградба не само на правниот систем, туку и на политичките институции , на државните институции. Нешто наследивме од порано, нешто направивме самите, но да ви речам дека многу што од тоа што направивме , го направивме лошо затоа што доминантен беше , за жал , сеуште е доминантен концептот државата да се заштитува од Албанците, државата да не служи на граѓантие, инситуциите на системот да не бидат сервис за граѓаните, туку тие институции на системот да бидат должни да ги штитат институциите и системот и државата од Албанците. Е, тоа беше, за жал, во главите на многумина од нас присутни тука и надвор од тука, сеуште постои таа идеја, сеуште е присутен тој концепт, па ве молам развојот на политичките процеси исто како и развојот другите природни процеси имаат свои закономерности, закономерноста на развојот бара време, ние тоа го почитуваме , бара околности, бара услови и политичкиот процес бара создавање на некои услови . Ние бевме трпеливи, ние бевме многу свесни дека извесно време треба да помине за да работите тргнат кон подобро. Затоа ние како партија го прифативме концептот за решавање на прашањата , го зедовме тоа од американците чекор по чекор. Добро имаше забелешки дека таа е дефетистичка политика, дека политиката чекор по чекор не оди никаде , но тоа отиде.

Идејата ми е да кажам дека ние многу малку да не речам ни најмалку не направивме, не вложивме напори да направиме чекори мали получекори , четврт чекори кои ќе ја зајакнат вербата кај луѓето кои тоа го чувствуваат дека државата односно системот ни ги држи надвор од системот за доверба кон органите, за доверба кон институциите на системот и со еден збор за доверба кон државата.

Ние такви чекори направивме, тие чекори беа многу ретки, но никогаш не беа полни чекори , многу често беа получекори, а уште почесто беа само четврт чекори.

(од 12,05 часот со седницата продолжи да раководи пот-претседателот Г. Звонко Мирчески),

Тој концепт немакедонецот во случајот зборувам за Албанците да се држи надвор од системот, да се држи надвор од збиднувањата во државата не може од Албанецот да направи одговорен граѓанин.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ**: (продолжение)

Не може од албанецот да направи одговорен граѓанин, одговорен функционер, одговорен политичар кој подеднакво ќе ја чувствува државата некј рече тука дека албанците немаат чувство за државата. Веројатно немаат затоа што немале ни шанса да имаат. Многумина од мојата генерација веројатно и ќе умрат а нема да доживеат да почувствуваат како се чувствува човек кога одговара за функционирањето на системот, затоа што имаше табу места а има сеуште, каде што албанците немаа пристап и тогаш

кога имаа, тие секогаш се држеа на страна. Значи, се на се, сакам да речам дека не беше дадена шанса заради лошиот концепт да се чувствуваме одговорни за функционирањето во државата.

Јас навистина немам намера да ги елаборирам сите аргументи кои се на линија на барање на причините за кризата во самите нас граѓаните, затоа што таа листа е многу подолга. Сакам само да кажам дека сите ние знаеме дека Република Македонија е Балканска земја. За Балканот велат дека е мост што поврзува два континента, две цивилизации, две култури, два света воопшто. Но, исто така се знае дека, господа пратеници, мостовите служат да се помине преку нив. Ние како што знаете исто така сме должни да живееме на мостот. Ние треба да навикнеме да живееме на тој простор кој за некого преставува мост, а за нас е живеалиште. Ние многу често слушаме, ние сме принудени да живееме заедно, ние сме должни да живееме заедно. Ајде да направиме дека ние сакаме да живееме заедно. А може. Можеме тоа, многу лесно може. Можеме со еден реален, се осмелувам да кажам, многу по паметен приод кон нештата.Ние тоа го должиме на самите себе си. Ние тоа им го должиме на нашите деца, на нашите вници и на нашите генерации. Нас никој ниту не овластил, ниту има право да не овласти да создаваме конфликтни ситуации како што ги создаваме со наш неодмерен збор, со наш несоодветен однос едни спрема други итн. Затоа никој не не овластил и немаме право тоа да го направиме.

Би сакал да изразам едно мое навистина искрено загрижување за тоа каков однос, барем вербален, тука во Собранието ние манифестираме спрема западните демократии и спрема НАТО.

Јас лично, со право или не незнам, меѓутоа, многу сум убеден дека не и правиме добро на Македонија кога велиме дека Западните демократи Европската Унија, НАТО и тн., имаат негативен однос кон Република Македонија. Ве молам, додека некој од нас тука сака да ја нема Македонија, да се подели Македонија итн., другите како да со сила не тераат да останеме и целосни како држава и да останеме заедно. Па дали е тоа причината за одбојноста спрема тие структури? Се надевам не. Но ако тоа е кај дел од луѓето, ако и тоа е причина, тогаш тоа е многу погубно за сите нас.

Во оваа смисла, сакам да коментирам една теза која упорно тука се лансира. Некои луѓе си земаат за право да читаат туѓи мисли, да погодат што мисли некој, а не да се занимаваат со тоа што тој кажува се разбира што кажува и што работи, а не што мисли и во таа смисла ја третираме и тезата за Голема Албанија.

Видете, многу убаво беше речено тука од еден дискутант дека ниту една, ама баш ниту една политичка партија на албанците, ни тука ни надвор, има некоја програмска определба за голема Албанија. Сите залагања одат кон тоа да се демократизираат односите во државата и во државите околу нас и како такви да бидеме дел од Европските интеграции, ништо повеќе и ништо надвор од тоа. Тоа е идејата, тоа е иднината и верувајте, јас сум длабоко убеден, дека единствено така и само така ќе можеме и да се вклучиме во Европа, и да се развиваме економски како држава, и да ја демократизираме државата и ред други работи.

Затоа, велам дека е потребна и наша активност, и наша ангажираност во создавањето на клима во која ќе нема потреба сериозни луѓе, паметни луѓе одговорни луѓе да го поставаат прашањето: е па дали е возможен понатамошниот заеднички живот меѓу албанците и македонците во Македонија. Јас ви велам не само што е возможен, и тоа многу возможен, туку тој е единствениот пат з а нашиот опстанок. Ние на тоа треба сите да работиме. Ние на тоа мора да работиме, дури ако сакате од почеток, од составувањето на наставните програми и планови во основното образование во средното образование, во високото образование. Да ги афирмираме тие вредности кои преставуваат вистински вредности. Да не афирмираме квази вредности, вредности кои никогаш не постоеле итн.

Во сегашниот момент, јас исто така изразувам загриженост за односот на медиумите спрема сето ова што се случува во Македонија. Господа не е добро и медиумите што ги контролира Владата, но и некои независни медиуми, електронски или напишани, да шират на еден или друг начин еле-менти кои водат кон тежок е зборот кон омраза, а не кон обратното. Дали ние имаме некаков план за менување на односите во таа област, за афирмирање на вредностите, а не за афирмирање на екцеси кои водат кон меѓусебна нетрпеливост, омраза итн.

Затоа, и покрај тоа што многу често беа спомнувани тие причини и аргументи, јас само ќе истакнам неколку од нив. Во прилог на тезата зошто треба да се прифати предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија, видете, не навлегувам длабоко во историјата. Ќе

почанам само  од 1991 година од фактот што го спомнав. Со оглед на фактот дека не гласавме за Уставот на Република Македонија, значи ги оспорувавме сите решенија што тој Устав ги содржи и следствено на тоа, јас еве јавно пред вас признавам дека при секој контакт со преставници на меѓународната заедница јас сум се пожалил и тогаш кога сум бил дел од власта  и подоцна кога не бев тоа, дека Албанците во Република Македонија се обезправени, дека Албанците во Република Македонија се третираат како граѓани од втор ред и ред други работи и обвинувања.

Со потпишувањето на Спогодбата, не само јас, туку никој од легитимните претставници на Албанците ќе нема веќе право некому да каже дека не сум задоволен од тоа што се прави во Република Македонија, затоа што претставниците легитимни на Албанците се согласиле да стават потпис токму за основите на Уставното уредување на државата. Тоа е за мене многу голема причина, мјногу голем аргумент, тврд, јак во прилог на поддржување на предлогот за пристапување кон измена на Уставот.

Другите факти тука беа исто така спомнати, како што е, иако го оспоруваат секој на свој начин, интегритетот, унитарноста на државата итн. Е сега, многумина го поставуваа прашањето,па еве добро, ќе пристапиме кон измени на Уставот, ке го измениме  Уставот, ќе ги донесеме уставните амандмани, ама што после? Или, многумина го поставуваат прашањето јавно, гласно дали има крај на албанските барања. Е па господа има крај. Крајот е отприлика тука. И ако тоа го постигнеме, а се надевам дека ќе го постигнеме, ние ќе создадеме многу добри шанси, ќе создадеме многу цврста основа за доградба на системот. Зошто велам за добрата на системот? Сакале ние да признаеме или не, ние имаме голема потреба да ги доградиме институциите државни на системот, затоа што, господа пратеници, невозможно е да функционира правна држава ако ние партизираме образование. Невозможно е да функционира правна држава ако ние партизираме здравство. Многу поневозможно е функционирање на системот ако партизираме државна управа, државна администрација, тоа е погубно. Тоа е многу лошо. Тоа е почеток на крајот за распаѓање на системот. И, како што знаете, а јас само гласно размислувам,на добар пат сме да ги партизираме и судовите. Што правиме ние?! Дали навистина некој сериозно мисли дека може да се создаде правна држава, да функционира правната држава, ако притоа, без оглед на стручноста и компетентнста на луѓето, ние ги поставуваме на одговорни државни функции во разни органи и институции на системот.

Јас ви тврдам, со ова скромно знаење и оваа досегашна практика што ја имам дека е тоа апсолутно невозможно и каде што тоа имало обид да се направи, сите тие системи пропаднале.

Да не ви одземам многу време, имам еден конкретен предлог, затоа што неколку пати беа спомнати тука рушењата на верските објекти, цркви, манастири, џамии итн. Ние имаме многу убава можност да покажеме дека нас подеднакво не боли, подеднакво имаме подеднакво одбојно чувство и кога се рушат манастири и црква и кога се рушат џамии или други верски објекти.За тоа имаме многу убава можност и практично да го манифестираме. Во таа смисла ви предлагам;

Ајде да направиме еден конвој на мирот,на чело сите претседатели на парламентарните партии тука, се разбира и претседателот на парламентот спаѓа тука, и ние пратениците, и други заинтересирани добронамерни граѓани и да ги повикаме луѓето од Лешок и од другите села од тетовско, дојдете со нас, ние сме гаранција за вашата безбедност, вратете се во своите куќи. Но утредента, ако тоа утре го направиме, тогаш задутре во ист состав да ги повикаме луѓето од некое друго раздружено албанско село повелете господа, ние сме зад вас, ние ви гарантираме безбедност за ваше враќање. Мислам дека ова не е демагогија ова е многу реално остварливо. Зошто да не го направиме тоа? Зошто мислиме дека редот и мирот може да се воспостават само со полиција, со грубости, со сила. Зошто не мислиме малку поинаку дека е возможен и поинаков приод, дека е возможен и поинаков пристап. Возможно е. Луѓето, се надевам, веруваат во нас, не се надевам, туку тие веруваат со самиот факт што не гласале.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:** (продолжение)

Ние да бидеме на висина на нашата задача. Сега да кажеме, вие гласавте за нас, ние сме тие што ќе ве заштитиме. Зошто, за заштита за квалитетна заштита, за суштинска заштита не треба полиција, апсолутно.

Невозможно е мирот и спокојството на граѓаните на пример во Слатино колку ги има таму толку, да го обезбедиме со присуство на полиција во услови кога има албанци тука. Ако тие се непријателски расположени спрема нив, тоа не е никаква заштита, тоа не е живот, да се живее под такви услови. Јас на пример, никогаш не би се согласил да живеам под заштита на полицијата. Тоа би значило да се согласиш да живееш во Идризово, затоа што таму те штити полиција.

И, да не должам, имаме многу што да си кажеме едни на други, тоа да го кажеме на културен начин и тогаш кога не се согласуваме, да останеме пријатели. Друг начин, друга можност, верувајте ми можеби има, но не е добра таа можност. Благодарам што ме сослушавте.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Благодарам г-дине Алитк.

За реплика се јави г-динот Аце Сајковски.

**АЦЕ САЈКОВСКИ:**

На пратеникот Абдурахман Алити, му благодарам што се огласи, што јас предложив завчера, ние пратениците да излеземе заедно во кризните региони во правец на Јажинце и Липковско, со што симболично да ги посмириме луѓето таму и да заврши справувањето на граѓаните во тој крај, со што да го означиме и крајот на досегашното неразумно судрување. Дали Абдурахман Алити она што го истакна се прифаќа заедно, а предлагам и други пратеници да се изјаснат дали ќе и се придружат, за денес или утре ќе се договориме. Благодарам.

**ЗВОНКО МИРЕЧЕСКИ:**

Благодарам господине Сајкоски.

За збор се јави пратеникот Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван потпретседателе на Собранието, почитувани колеги, веќе четврти или петти ден денес расправата за иницијативата за промена на Уставот. Ќе мораме да признаеме дека овдека се изнаслушавме се и сетшо, од страдања, тероризам, луѓе кои што не и мислат на државата добро, луѓе кои ја издадоа државата, па до се друго. И, сето тоа неможе друго да личи туку на една драма. А,зошто Парламентот се претвори во драма, вчера добив идеја,а објаснување даваше во една колумна господинот Ферип? Мухичс, кажување на една приказна, односно на еден настан од Стара Грција, кога еден многу способен војник во тоа време, толку способен, што прстенот што ќе го згазел коњот успеал да го исправи. Војсководата го прашува својот советник. Што да правам со овој војник? Овој го советува, тргни го од војската. Војсководата не го послушал советникот и го унапредил во командант. И, што се случи? Целата војска после одредено време станаа којунџии, којунџиска војска. Па, сигурно, кога режисер расправа за устав, тоа ќе стане драма. И затоа ние денеска и вчера имавме драма во Парламентот.

Почитувани пратеници, сите ние поминавме низ овој хорор. Го доживувавме на овој или оној начин. Одвреме навреме бевме ожалостени, одвреме навреме бевме охрабрени и одвреме навреме се обидувавме да го сочуваме разумот. Денеска ние треба да донесеме одлука , многу битно е за мене која ќе биде појдовната точка врз основа на која што ќе ја донесеме оваа одлука. Дали за мене ќе биде базично и основно при донесувањето на одлука, страдањата што ги видовме на граѓаните во Љуботен, рушењата во Арачиново. Исто така, страдањата на моите четворица млади луѓе од мојата изборна единица без никаква вина. Во сред Скопје, земени и претепани, а едниот од нив и до смрт. Да биде апсурдот уште поголем, што е нормално во воени услови, тој што беше убиен без никаква вина во полициската станица, неговиот брат сеуште беше војник на АРМ. Тоа се апсурдите на војната.

Дали за мене ќе биде појдовна основа за донесување на одлука, повикувањата на некои, кои што мислат дека војната ја добија или ќе ја добијат, јас во моментот ќе се повикам на разумот. Мислам дека при вакви одлуки ниту едното ниту другото не треба да превладее. Треба да преовлада разумот. Но, она што мора денеска ние кои што сме пред донесување на одлука да расправаме е, зошто дојде до оваа криза. Дали можеше да се спречи кризата? Што можевме ние како пратеници и политички партии да придонесеме за да не дојде до кризата. Што после кризата? Се издадоа и се нарекоа многу теории и видувања за тоа како дојде до кризата. Јас господа пратеници имав пречуство и укажував на тоа дека на Република Македонија и престои криза уште при донесувањето на Законот за високото образование. Прочитајте го стенограмот, уште тогаш укажував дека постојат реални услови и предуслови да дојде до криза. Зошто тоа го реков? Го реков, затоа што беше јасно дека три фактори се битни за кризата.Тоа е, еднаш уште на почеток ГТДП го лоцира Уставот како генератор на кризата.

Второ, недостаток на демократија.

Трето, нефункционирање на правната држава. Зошто велиме дека констатацијата на ПДП дека Уставот генерира кризи. На жалост тоа се оствари. Велам, за жал, се оствари и тоа на многу транспарентен начин.

Прво, албанците излегоа на многу демократски начин да протестираат и да барат образование на албански јазик. Имаше убивани, имаше малтретирани, зошто, уставот на дозволува. Албанците излегоа да протестираат и да бараат употреба на симболи. Беа убивани, беа малтретирани, Уставот е причината. Со сите маки успеавме да донесеме 17 закони со кои употребата на

албанскиот јазик беше ставен во одредени области. Со една одлука на Уставниот суд сите тие закони паднаа.Зарем тоа не е доволен аргумент да се констатира дека Уставот навистина генерира криза. А, зошто викаме дека демократијата или недостаток на демократија произведува кризи. Затоа што, сваќањето на демократијата во Република Македонија имаше поинакво размислување, доминација на мнозинството над малцинството, односно диктат на мнозинството над малцинството. Но, за жал тој диктат на мнозинството над малцинството се одвиваше на национална основа. Сите можни иницијативи кои доаѓаа од другите политички партии под тој диктат беа уништени. Такво сваќање на демократијата неминовно ќе произведува кризи и произведуваше во Република Македонија. Зошто велиме дека нефункционирањето на системот произведува кризи. Зарем не бевме сведоци на секакви тортури, затворање без никаков судски процес, убивани во полициски станици и фрлени надвор. Бевме сведоци на тоа. Зарем не бевме сведоци на она што се случи во Арачиново. Со месеци беа малтретирани и никогаш судскиот епилог не дојде до тоа како треба да заврши. Сето тоа укажуваше дека во Република Македонија ќе дојде до кризи. И денеска жално е кога дури и премиерот се чуди и вели, како тоа преку ноќ Република Македонија од пример за добри меѓунационални односи ќе стане жариште.Не му било јасно. И, сега се прашувам дали ние сносиме одговорност и како политички партии и како поединци. Да, сите ние носиме одговорност. Зошто, токму сега дојде до ескалација. Јасно е дека денеска ќе дојде до ескалација, затоа што ние како политичка партија додека бевме ги употребивме сите механизми демократски да докажеме дека позицијата на албанците во Република Македонија не е дефинирана.Некои од нив беа спомнати, некои од нив не беа спомнати. Денеска некој поставува прашање, зошто албанците не ги користеа демократските механизми. Поднесовме декларација за еднаквост, собравме 150.000 потписи за да докажеме дека албанците се за промена на Уставот.Излеговме на заеднички избори *со* иста платформа да докажеме во плебисцит дека барањата на албанците се овие и овие неколку точки кои денес се предмет на расправа. На сите тие овој принцип на доминација на мнозинството над малцинството, за жал, беа неземени предвид. А, зошто токму денеска дојде до кризата? До 1ее8 година, додека ПДП беше на власт практицираше таканаречена власт на конфликти, тоа значи работиме да создадеме клима и да решеме проблем кој што денеска може да се реши и создаваме услови клучните прашања да дојдат на дневен ред. Во 1ее8 година дојде до промена на власта. Таа власт зеде друга стратегија, ќе ги затвориме кризите.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Се извинувам господине Сулејмани, што ќе ве прекинам малку.

Констатирам визуелно дека нема доволен број на пратеници во салата. Ги молам колегите кои се во фоајето да влезат во салата, за да имаме услови за законско работење на Парламентот.

Повелете господине Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Промовираа таканаречена идеа на релаксирани меѓунационални односи. Што е кривицата на ВМРО како главна носечка партија во власта, таа не смееше да ги затвори и да ги прогласи затворени прашањата за кои не се реагираше да се најде решение . Што е кривицата на СДСМ како опозициона политичка партија. Битката како опозициоа политичка партија не ја водеше по други полно аргументи, афери и корупција, туку ја водеше со тоа дека наводно дека албанците добија преголеми права. Што е кривицата на ДПА прифати и се сложи со констатацијата дека меѓунационалните односи се решени. А, што е кривицата на ПДП?

Кривицата на ПДП е тоа што во моментот кога помина во опозиција енергијата ја трошеше за внатрешна политичка борба. Наместо да се организира и на демократски начин,го извади народот на демонстрации и незнам како, да докаже дека не е вистина дека се решени меѓунационалните односи. Таа улога ПДП не ја одигра. Затоа и ПДП и сите ние сме виновни за оваа ситуација.

Најдобар индикатор дека навистина во Република Македонија ќе се случи нешто беа локалните избори. Се покажа и се докажа дека демократијата е ставена на испит. Еден друг податок што никој не го зеде предвид, беше фактот дека во тие локални избори , реално на избори излегоа од 30 до 40%. Тоа значи огромна маса на луѓе првенствено кај албанците беше политички непокриена, значи не му веруваше ни на ДПА не му веруваше ни на ПДП. Прашање беше која е таа маса непокриена политички ќе ја стави во своја функција. Значи, сите индикации, беа дека Република Македонија не плива во мирни води. Туку напротив, и претстои бурен развој.Сега дојдовме во ситуација да имаме некој си договор. Сите, посебно од

македонската страна, а посебно од ВМРО-ДПМНЕ изразуваат незадоволство, Зошто? Се губел идентитетот на македонците во Република Македонија. А, што ќе кажат албанците? Ако се усвои овој Устав, стои дека македонски службен јазик е македонскиот јазик, а кој е друг службен јазик. Тој е 20%. Ако емотивно разгледуваме дали албанскиот јазик е јазик од 20%, тоа значи, ако така ги гледаме работите тој договор не е прифатлив ни за албанците. Но, резонот е дека ова ни е шанса. Шанса да продолжиме понатаму.

Јас,оваа битка, оваа војна не би сакал да ја квалификувам како војна између албанците и македонците. Би сакал како војна између старото и новото, меѓу демократското и конзервативното. Нов начин на живеење и создавање на држава. Ние во нашата парламентарна група кога ги заземавме ставовите, имавме навистина големи дилеми дали ќе прифатиме држава основана врз основа на колективитети или ќе прифатиме држава како граѓански концепт на организација. Зошто се определивме за граѓанскиот концепт. Затоа што ни беше јасно дека европски тренд и ориентација денеска во светот е граѓански концепт на држава. Зошто за тоа случајно дојде. Не беше случајно, господо пратеници. Држави создадени врз основа на колективитети од 1е век два пати Европа ја доведоа во војна. За да ја избегне третата свестка војна, за која градеа стратегии, стратегии како ќе изгледа, тие измислија сосема нов концепт. Тој концепт е заснован на три принципи. Демократија, човекови права, интеграција Што значи само држава каде што индивидуата е над колективитетот, само држава каде што има реална демократија, само држава каде што има за цел интеграција, а не изолација, можат таквите држави да ја избегнат војната. Ние затоа прифативме таков концепт.

Инаку, во суштина сигурно дека одредени луѓе овој концепт не го прифаќаат и не се задоволни. Но, кога треба да се бира во овој случај, ние се одлучивме за ова.

Уште една теза овде перманентно се промовираше. Зошто промени на Уставот под присила, под уцена и тн. Па, господа пратеници покрупни промени во смисла на подлабока демократизација и нови основи на општеството, никаде не се направени, барем јас не ги знам, од чиста мира седнале луѓето и од денеска ќе направиме друг систем, друга држава. Да ве потсетам, бев пред неколку години во Данска. Историјата на данската демократија почнала пред 200 години.Токму пред 200 години.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:** (Продолжение)

Затоа што пред 200 години на Данска и претстоеше реална опасност да биде нападната од Германија. Тогашниот крал за да го придобие народот прогласува општи реформи, имотот им го дели на граѓаните, создава парламент, создава судство, дури ги дава своите палати за такви функции. Но, затоа ја избегна војната затоа што прво го придоби народот. Зарем мислиме ние институциите како што се НАТО и Европа ќе не прифатат така, зарем мислите поголемите држави кои што претендираа и сакаа да бидат членки на ваквите силни организации, не мора да плаќаат свој цех. Да, дури и таа јака Германија во 1е55 година кога требаше да стане член на НАТО токму поради барањата што ги поставуваше Данска, затоа што причина за избувнување на војна помеѓу Данска и Германија секогаш беше границата и неприфаќањето на данското малцинство во Германија и обратно. Ја присили Германија да признае дека има данско малцинство во Германија и обратно за да стане членка на НАТО, И ние денеска тие критериуми кои што ни ги поставуваат вака реномирани организации како што се НАТО и ЕУ, ги гледаме како тутор, како тие да се против Македонија. Не, господо пратеници, ние не сме способни да пристапиме кон таквите организации, затоа што тие организации изградиле свои критериуми. Ако се гледа емотивно и крајно можеби и екстремно што и кои се тие кои беа на удар на НАТО во овој период на кризата. Дали беа македонците, или пак бунтовниците како што некој ги нерекува. Денеска треба да се има храброст да се каже, луѓето кои што најдобро тоа го знаат претседателот на државата, премиерот, г-динот Црвенковски јавно да кажат која беше улогата на НАТО во Арачиново, која беше улогата на НАТО во Тетово, која беше улогата на НАТО во Радуша. Еднаш Георгиевски призна дека НАТО ја спречи цивилната војна, призна дека НАТО ја зачува Македонија, не дека таа ги сака повеќе македонците од албанците, таа е заробеник на своите принципи, зачувување на демократските вредности, зачувување на институциите , зачувување на границите на државата. Така што денеска македонците да се жалат дека НАТО бил против нив и работел против нив, апсолутно е неприфатливо. Затоа што многу земји кои амбициозно сакаа да станат членки на НАТО откога се здобија со сознанија кои критериуми треба да ги исполнуваат за да станат членка на НАТО, се разочараа. Можеби јас сакам тука да ја гледам причината. Но, факт е дека држава како што е

РМ, мала , со ваква околност, со ваков степен на развој.иднината мора да ја гледа во Европа, иднината мора да ја гледа во НАТО. Инаку се друго е да се осудиме самите на пропаст. Јас, а мислам дека и албанците тоа нема да го дозволат. Затоа гласајки го овој предлог , ние го гласаме, не дека сме задоволни и презадоволни, туку гласаме за концепт на по демократска Македонија, гласаме за концепт на Европа и НАТО, гласаме за концепт на иднината на Република Македонија. Но, после сето ова што се случи мора да се извлече заклучок , демократијата не смее да се свати во РМ како диктат на мнозинството над малцинството, во конкретниот случај по национална основа, дека сите политички прашања без оглед од која и каква природа се мора да се решаваат со дијалог и тоа отворен во еднакви услови. Не од типот и позиции: јас сум океј, јас сум во право, ти не си во право. Тој принцип на договор и разговор никогаш не носел резултати, тој принцип на договор и разговор секогаш носел конфликти. Само принцип на догвоор и разговор од типот: јас сум океј, ти си океј, јас во право, ти си во право, може да доведе до подобри решенија.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Г-динот Насер Зибери има процедурална забелешка.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

И покрај тоа што господата Абдулади Вејсели , Сејфедин Харуни, Мерсел Биљали се подготвиле за дискусија, во интерес на времето ги замолувам да ги повлечат дискусиите и се надевам дека го прифаќаат мојот апел.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Останува ако се повлекуваат колегите, да се повлечат и тоа да го констатираме.

(Пратениците потврдуваат дека се повлекуваат од дискусија)

Има збор пратеникот Абдула Алиу.

Се повлекува.

Сајфедин Харуни се повлекува. Фатмир Етеми се повлекува. Мерсел Биљали, се повлекува.

На ред е пратеникот Наќе Стојановски. Се повлеквуа.

Бидејки мене ми дојде редот, јас ќе кажам само неколку збора, ќе говорам на говорница.

Би го замолил претседаталот на Собранието да продолжи да ја води седницата пред јас да замам збор.

(Со седницата продолжи да раководи Стојан Андов, претседател на Собранието на РМ.)

Почитувани колеги пратеници веќе подолго време скоро 6 месеци во нашава замја бевме сведоци на една војна која што започна на нашава територија, иако порано имаше доста искри кои што се појавуваа и во едни услови на ралаксираи меѓуетнички односи. Не би сакал сега да правам ретроспектива, да се враќам назад во минатото, можеби и последиците од оваа криза кои што се чувствуваат датираат уште од распаѓањето на бившата СФРЈ. Можеби и настаните кои што се случуваа тогаш во 80-тите години во Косово, можеби и од тогаш се провлекуваат и некои незадоволства на албанците кои што живеат и кои што живееа во просторита на бивша Југославија и во Република Макаоднија. Можеби има многу што да се каже. Меѓутоа едно е сигурно дека денеска имаме во РМ околу 100 илјади етнички исчистени граѓани, околу 1/5 окупирана територија , имаме жртви, нарушени меѓуетнички односи, нарушена доверба, направени лузни на заедничкиот соживот кој што го градевме во последниве 10 години.

Мојата политичка партија минатата година кога беше Законот за високо образование овде предложен, наидовме во конфликт со самата политичка партија, но не беше само тоа во прашање. Промените кои што ги носеше кампањата во 1998 година подразбираше промени во целокупниот живот. Инаку политичките партии кои што се појавија имаа свои платформи кои што беа прифатени од граѓаните. Меѓутоа, работата беше следна, од 1991 година наваму од осамостојувањето на РМ се донесе Устав и без разлика кој гласал и кој не гласал за тој Устав, бидејки станува збор за една парламентарна демократија, станува збор за пратеници кои што го имаат легитимитетот од граѓаните да одлучуваат по нивно , или не , од изборните единици од кои што се делегирани, е изгласан.И помеѓу другото , тој Устав ги обврзува со одредени рокови политичките субјекти во РМ да донесат повеќе системски закони со кои што би се заокружил правниот систем во државата. А помеу другото најдоцна во рок од 6 месеци од денот на прогласувањето на Уставот ќе се донесат законот за Републички судски совет, законот за судовите, законот за јавно обвинителство, законот за Народен правобранител, закон за начинот на трансформација на општествената сопственост, закон за државјанство на Република Македонија, закон за личната карта, закон за преминот на државната

граница и движењето во граничниот појас , закон за движењето и престојот на странци, закон за патни исправи на државјаните на РМ, закон за одбраната на РМ, закон за локалната самоуправа, закон за териториjалната поделба на РМ. Исто така, почитувани колеги цела македонска јавност знае дека требаше досега да се донесат законот за грбот, знамето и химна на РМ. Меѓутоа, имајки го предвид актуелното опкружување на РМ , ние многу добро се сеќаваме како постапно се распаѓаше бившата Сојузна држава во која што и ние живеевме. Во таа СФРЈ една од членките беше и Социјалистичка Република Македонија. Ние македонците и македонците од албанско етничко потекло, како и срби, власи, роми и други кои што живеат во РМ, живеевме во таа СФРЈ и имаме право да се чувствуваме како македонци, заради тоа што 50 години сме живееле во таа СФРЈ. Јас незнам зошто на никого не му сметаше тоа што ние сме македонци. Тогаш на ниту еден од соседите не им сметаше тоа што ние се чувствуваме македонци и тоа што името на нашата држава е Македонија, или дека го содржи зборот Македонија, помеѓу другото.

Јас би сакал само да кажам дека не се сложувам со начинот и цената по која што се доведовме во оваа ситуација . Има повеќе тези. Јас и околу генезата на кризата не би сакал многу да полемизирам и не сакам да обвинувам дали е крив СДСМ, или е крив ДПМНЕ, или ПДП, или ДПА. Меѓутоа, едно е сигурно дека Собранието во последните 6,7 месеци не работеше цело време додека беше кризата и имаше доста извртување на тезите. Најпрвин од сето тоа што досега се дискутира во овие неколку дена во Собранието многу добро може да се види дека целиот овој набој и целиот овој антагонизам што се појави кај припадниците на политичките партии, условно речено македонските и од албанскиот блок на партии, тој антагонизам немаше да го има ако во овие 6 месеци се водеше расправа овде, ако се ставеше крај на непријателствата, ако се почитуваа одредени принципи, ако не се направеа лузни кои што и понатаму можеби ќе ги оптоваруваат односите помеѓу нас. Сите се сложуваат со тоа дека се застанати демократските процеси. А како и би имало демократски процеси почитувани колеги пратеници кога за 10 години не успеа да се заокружи системот на функционирање на државата на цела територија на Република Македонија. Цело време во РМ се води дијалог помеѓу политичките субјекти, помеѓу претставниците на албанската националност и на македонците и на другите граѓани кои што живеат во РМ. Врз осноа на тој дијалог се партиципирало во сите влади досега, врз основа на тој дијалог имало претставници како министри во владите, потпретседатели на влади, амбасадори , директори по јавни претпријатија и т.н. Но, сето тоа не било доволно за да не се продлабочи понатаму една ваква криза која што никој од нас овде нема оптимизам дека така брзо ќе се разреш. Врз основа на тоа што не се донесоа системските закони заради одредените би рекол аномалии внатре во самите политички субјекти, зарадинемањето демократија внатре во самите политички партии не се донесоа тие закони и не профункционира правниот систем. Во цела Република Македонија се појави мито, корупција, се изврши партизација на државата, на институциите. Сето тоа ја доведе РМ во една ваква криза. Единствено што имаше некаков консензус, тоа беше стремежот на сите политички партии за наше зачленување кон ЕУ и кон НАТО. И што се случи? Голем дел од нас после овие настани што се случија се во Европа, но за жал како бегалци, а наместо ние да одиме кај НАТО, НАТО ни дојде дома. Зошто ние не успеавме да ги решиме проблемите помеѓу себе? Не се сложуваме дека не сме моќни да го направиме тоа. Можеби заради тоа што многу од нас кои што не сме многу стручни од аспект на правото, поготово познавањето на уставното право, сме влегле во политиката како што впрочем и во повеќе области на животот многу нестручни луѓе се вработија и носат одлуки од кои што зависи понатамошниот живот и соживот во државата со макеоднците, со албанците, со србите, со власите, со ромите и т.н.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:** (продолжение)

Ако нешто има да се додаде после оној говор на г. Саво Климовски, јас исто во тој контекст би имал нешто да додадам.

Зарем нема простор во оваа држава да се најде едно разбирање помеѓу македонските и албанските партии, кои одеднаш од заеднички соживот и од релаксирани односи станаа веќе страни. Значи политичкиот дијалог кој требаше да се води во Собранието на РМ се извади надвор од Собранието, во институции кои не се предвидени ниту со Уставот ниту со Деловникот на работа во Собранието. Понатаму под притисок на силата и оружјето тој, наводно политички дијалог кај претседателот на државата полека полека се претвори во договори, па потоа се трансформираше во преговори и на крајот заврши со Мировен договор, или Рамковен договор.

Околу постапката, околу легитимитетот на партиципиентите во сета оваа постапка која ја инволвира земјата во длабока криза, сите овде можеме да се согласиме дека немаа право во името на сите нас пратеници кои што сме избрани на фер и демократски избори каде граѓаните ни го дале легитимитетот да ги застапуваме во некои одлуки надвор од институциите каде што тоа треба да се направи. Има законска процедура како сето тоа да се направи. Ние почувствувавме дека во РМ се згуснува и се нарушуваат релаксираните меѓуетнички односи. Имаше повеќе предупредувања, како Танушевци, Арачиново, Полициска станица Тетово, Куманово итн. Ние сакавме да имаме дијалог. Предложивме, со намера да ги институционализираме работите, еден национален консензус кој беше испратен до сите политички партии, кој национален консензус беше за најзначајните стратешки прашања за национален и државен интерес на РМ. Тој национален консензус кој ви беше понуден на вашите политички партии содржеше 12 точки и тоа: автотоноска на историскиот развиток на македонскиот ентитет со посебна нација јазик, историја и култура. Во рамките на тоа и одбрана на македонскиот епитет од оние кој го загрозуваат од внатре или однадвор. Суверенитетот и интегритетот на Република Македонија како неделиви, неотуѓиви, непреносливи. Унитарноста на државата. Република Македонија како демократска држава на македонскиот народ и етничките малцинства во неа РМ службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилично писмо. Лојалност на сите ентитети кон македонската држава и почитување на нејзините симболи како што се грб, знаме и химна, од сите институции, политички субјекти и граѓани на РМ. Равноправноста и еднаквоста на етничките и концесионалните малцинства како слободни и европски ориентирани граѓани, а не како сепарирани и антагонизирани колективитети во зачувауване на етнокултурниот индивидуалитет, според меѓународно прифатените стандарди. Република Македонија е демократска правна држава со полно владеење на правото и полно почитување на правата на човекот. Република Македонија е определена да гради пазарна економија и да спроведува вистински реформи во сите сегменти на животот. Дека Република Македонија е безрезервно определена за асоцијација и нејзино членување во ЕУ и структурите на НАТО. Слободно организирање на граѓаните во политички партии врз основа на политички и идејни програми, а не врз етнички и концесионални определби и без антимакедонски и антидржавен програм за дејствување. Застануваат делбите и кавгите помеѓу македонците и другите граѓани на РМ. Решително застануваат против делбата на македонскиот народ преку потребата на веќе очигледно баналните етикети.

Не се согласуваме дека во услови на ваква состојба во која се наоѓа нашата држава треба да се пристапи кон иницијатива за промена на Уставот.

Во врска со начинот на кој се водеа преговорите, во врска со легитимитетот на преговарачите, во врска со законитоста, во врска со меѓународното посредување со олеснувачите во тие разговори, би сакал да поставам едно прашање. Кога е донесено одлука дека треба да се вршат преговори и колку е законски да се вршат тие разговори, дали има одлука, дали Владата донела одлука, дали Собранието заседавало и донело заклучоци со кои некој ќе се обврзе да седне да разговара и преговара. Дали таа одлука е објавена во Службен весник или не.

Во цел свет е познато дека преговори во услови на притисок, воени дејствија, етничко чистење, геноцид, убиства, малтретирања, киднапирања, разурнувања и кршење на основните човекови права во услови каде не постојат и не функционираат институциите на системот на целата територија на државата, не може да се преговара за човекови права, или пак дека тие биле нарушени.

Можеби една од идеите што од еден од говорниците овде беше предложена, да се прекинат дејствијата и од Меѓународната заедница да се интервенира со значителни проекти и средства во овој регион, да се залечат раните и лузните кои си ги наносевте меѓу себе, да постои во нашава држава и во мир, да немаме бегалци, да немаме окупирани територии и во едни такви услови да седнеме да разговараме за прашања кои се детерминирани како прашања кои ги нарушуваат меѓуетничките односи во нашата земја односно односите меѓу македонците и другите кои не се македонци, како што е понатаму во Рамковниот договор.

Имаме резерви околу законитоста и околу начинот вс кој е донесена РМ во една ситуација да се има иницијатива за изменување на Уставот. Резервата исто така е заради потпишувањето на Рамковниот договор на англиски јазик. Резервата

исто така е заради неисполнувањето на условите кои се пропишани исто така за преамбулата на овој Рамковен договор од страна на страните кои ги претставуваат, едните регуларните сили по закон и по Устав основани да го бранат суверенитетот, интегритетот и поредокот на државата и веројатно другата страна која со вооружени средства, со методи кои се недолични за третиот милениум сака да издејствува некакви си права. Не се исполнети условите согласно Рамковниот одговор кој требало да бидат исполнети во преамбулата. Меѓутоа пак би рекол одредени корекции во смисла на напуштање на идеолошкиот карактер и концепт на државата, изразување на традициите од повеќето илјади години на македонската државност, култура и континуитет на таа традиција. Напуштање елементи на собраниски систем на претставничката законодавна власт, дефинирање на принципот на поделба на власта и во таа смисла современа извршна власт.

Сите ние сме сведоци дека во кампањата во 1998 година кажавме дека нема јасна поделба на власта, законодавна, судска и извршна. Точно заради таа состојба и ние како Собрание се најдовме во оваа ситуација шест месеци да не расправаме за актуелно-безбедносната политичка состојба.

Повеќе од е барања од политичките партии имаше до претседателот на Собранието за свикување на итна седница, меѓутоа до таква седница не дојде, а кој ако не ние како Собрание има легитимитет да одлучува за едни вакви крупни работи.

Исто така нејасно дефинираните ингеренции, според Уставот, на претседателот на државата.

Реформите кои се зафатија во овие 10 години во системите за одбрана, во безбедносните системи, одредени реформи во одбраната, во смисла на упатствата дадени од воената контак програма на НАТО. Партизацијата на државата. Супституирање на квалитетни и стручни кадри со партиски луѓе, значи партизацијата на институциите, исто така има голем придонес за да ја имаме оваа состоба што ја имаме.

Исто така проширувањето на човековите и граѓанските права и слободи, но и определување на услови и постапката за нивно ограничување како гаранција за остварување токму на тие права на сите и интегритетот и просперитетот на заедницата. Приватната и другите облици на сопственост и правата кои од нив произлегуваат. Слободата на пазарот. Принцип на одговорност на власта пред граѓанинот. Има доста простор околу кој може да се разговара. Меѓутоа не на овој начин, не по оваа цена.

Како почитувани граѓани, почитувани колеги, некој може да сфати денес во Прилеп каде што нема припадници на македонците од албанско-етничко потекло, одеднаш едни негови пратеници, во услови какви што се во земјава и со последиците кои настанаа, со жртвите кои паднаа, одеднаш да дојде до вакви радикални промени. Би можело да се надминат овие проблеми, но лузните ќе останат. А за надминување треба навистина да се дефинира кој се права се бараат, и ако се бараат тие права зошто не се бараат и правата на другите малцинства, зошто незадоволството за статусот кој се има во РМ да се донесе во едни вакви услови. Има многу работи кои може да се дискутираат.

Јас навистина им честитам за храброста на лидерите на политичките партии ко присуствуваа на тие разговори и каде што ставиле потпис, веројатно потписите ги обврзуваат. Но сепак јас мислам одлуката ја даваме ние пратениците тука во Собранието. Затоа, ако ги исклучивте помалите парламентарни партии во преговорите и ако ја превземавте одговорноста за замјата, и ако гарантирате мир, развој на државата, тогаш превземетеја одговорноста.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаме уште еден пријавен пратеник за учество во расправата, а јас би го молел ако сака да се откаже за да ја завршиме расправата.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

На почетокот жалам за сите што ги изгубија животите, апсолутно за сите, посебно за војниците и припадниците на вооружените сили и полицијата, кои ги дадоа животите за Македонија и сигурно се херои на новото време во Македонија.

Жална е Македонија, жални се луѓето кои остануваат да живеат со вакви работи што ни се случуваат.

Некој ќе каже дали вие сте за мир? Да, Слободан Даневски е за мирот и Слободан Даневски е тој што кажа уште за време на самите преговори дека нема да гласа. Ќе се потрудам во кратко да

објаснам зошто нема да гласам.

Инспирација за овој мој говор, ако е и некој говор, ако нешто значи беше средбата со г. Бадинтер кој имаше една многу контрапродуктивна мисија што одеднаш како голем пријател на македонците и онаа работа што историски ја заврши, дојде да се посрамоти. Можеби го погреши времето.

Од самиот договор како што произлегува дека е компромис помеѓу македонците и албанцие кои живеат во Македонија и кажувњето дека никогаш нема да бидат задоволни македонците колку ќе им дадат права на албанците и никогаш албанците нема да бидат задоволни со тоа што им даваат македонците. Ако политиката е компромис, сигурно дека животот е пропорција, но реалноста е друго. Сликите се тука пред нас, но реалноста е друго. Сликите се тука пред нас. Ние во Македонија имаме војна. Во Макеоднија имаме една четвртина територија која не ја контролираат македонските безбедносни сили, во Македонија имаме убиства, во Македонија имаме киднапирања, во Макеоднија имаме раселени лица, во Македонија има етничко чистење, во Македонија има уништување на домови, во Македонија има уништување на Цркви и Џамии, во Македонија има феномен да се преговара со терористите, во Македонија има нешто што го нема никаде, личните интерси да бидат над државните, во Македонија има непочитување на институциите, во Макеоднија има друг феномен, депласирано Собрание и Парламент, кога едните се во опозиција видат што значи Парламентот и парламентарниот живот, кога се на власт друга е позицијата. Во Макеодија има нешто што нема. Македонија Нема стратегија, за 10 години Македоија нема стратегија изградена. Тоа е страшната работа. Тоа е најболното прашање. Но има нешто пострашно од најстрашното. Македонците немаат единство. Сите повикуваат, и лева и десна страна, македонците немаат единство. Тоа е најголемата клетва што е дадена за македонците, самоуништување на битието. Многу е важно дали утре ќе бидат изборите, дали СДСМ ќе ги добие изборите и дали СДСМ ќе биде на пола или на една чевтртина од Македонија, премиер, или било кој. Тоа е најважната работа. Ние ја губиме Македонија. Ние не сакаме да разговараме отворено. Дали е време историски да се расчистат меѓу себе македонците. Мислам дека јасен е ставот на албанците. Проблемот е македонците. Историски е момент сега да расчистат македонците кои се за и кои се против. Инаку тоа историски со векови ни се провлекува. Македонците не знаат да расчистат. Крајно време е македонците да расчистат.

Она што викаме секогаш лошо, полошо.

Што се наруши во овој момент? Десетици и повеќе години, довербата, на соживот помеѓу македонците и албанците. Не знам колку време ќе треба. Не знам кој политичар ќе се најде, не знам што треба да се направи да се врати довербата. Ова е нарушено. Знаете кога ќе се скрши лебот тешко се лепи. Падна и крв. Има и убиства. Реалност е дека постојат албанците. Реално е дека низ системот на институциите, преку демократизација на општеството да ги бараат правата. Но да се бараат под изговор, човекови права, мислам тоа е нонсенс.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Она што како теза го исфрли господинот Цревнковски, ако не гласате вие сте за војна, не сте за мирот. Не, јас сум за мирот. Исто како контра теза може да биде на господинот Црвенковски дали вие Црвенковски ја продавате Македонија, ако според ова што ќа са случи и незнам што ќе се случи давате гаранција?

Кој дава гаранција дека овој проакт ќе успее? Кој дава? Никој не дава гаранција.

Го разбирам јас албанцита. Многу треба да учат македонците од нив. Македонските политичари треба да одат на курс кај албанскита политичари. Има стратегија, работат на долгорочна стаза, чекор по чекор. Знаат во секое време кој потег ќе се повлече. Знаат со години што треба да се направи. Знаат како да се ефектуира работата. И она што го прават го прават најдобро, но стратегијата нивна ме плаши само единството. Ме плаши она дали крајниот ефект е стратегијата поделба на Македонија и териториите. Тука мислам дека ќе се удрат и вертикалите и хоризонталите во една црна точка. Како го контролираат албанскиот етникум. Му се нареди во Арачиново ќе го напуштите Арачиново. Се напушти Арачиново. Има да останете во Липково. Останаа. Точно е дека ги контролираат луѓето на теренот. Незнам дали апсолутно ги контролираат.

(Дофрлување на некои од пратениците од место).

Дофрли еден колага од албанците пратеници...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не со поедини пратеници, само спрема Собранието...

**СЛОБОДАН ДАНВЕКСИ:**

Она што како поука треба да се извлече во оваа небитнина за Македонија е непочитувањето на институциите. Тие што се милуваат да кажат дека се државотворна партија, дека ја сакаат државата, дека ја милуваат и градат повикуваа на непочитување на институциите. Господинот Црвенковски даде наредба на своите да му се обраќаат на господинот претседател со граѓанинот Трајковски.

Најголемата акција на господинот Бучковски со новинарот на телевизија Чомовски беше како да се сруши Собранието. Како да се опструира работата на Собранието. Мислам дека треба да се извлече една поука да не треба да се врши опструкција на институциите. Што направивме сега. Направивме секое незадоволство да ни седат луѓето пред Собранието. Единствено нешто што е свето во оваа држава е само Парламентот, за кој сите викаме дека е депласиран. Ако падне Парламентот ќе падне се. Владата можеме да ја менуваме како сакаме. Гледаме преку ноќ се менуваат влади, некои што изгубија на избори сега ги добија изборите на зелена маса и ред други работи. Парламентот го оптоваривме со секое граѓанско незадоволство, секој може да дојде пред Парламентот. Секој може да влезе во Парламентот. Нема безбедност на пратениците. Никој не чувствува безбедност. Не ја чувствуваат ни граѓаните безбедноста.

Се навраќам на она што најмногу ќе боли и најмногу време ќе треба да се лечи - довербата. Многу тешко, многу треба да се работи да се добие довербата на теренот. Закрвавени се работите. Се играме со бомбашки акции како тенис, пинг понг, еве ви на вас ене ни на нас. Јас ги гледам луѓето напазар, човекот е Албанец, вели како да живеам? Како да живеам? Албанците го контролираат пазарот, работеа, како во Скопје ќе живеат? Како тие во Тетово ќе живеат? Малтретирање, убиства, силување, невраќање во домовите. Незнам дали може некој во овој момент да го направи тоа.

Станува збор за преговорите. Има едно видување, друго видување, дали тие што преговараа се најрелевантните, дали го имаат мандатот од сите граѓани или не, дали господинот Трајковски требаше да биде тој кој ја зема најголемата одговорност да биде тој што ќе предлага измена на Уставот на Република Македонија, но стои едно прашање отворено. Стои прашањето на кое не може да се одговори ни на обичниот граѓанин, ни на политичарите, ни на никој.

Договорот го потпишаа претседателот и четворицата лидери на најголемите политички партии. Дадоа гаранција дека тоа што е земено како збор, како беса пред Меѓународната заедница ќе се исполни. Дека ќе се отпочне со процесот за промени на Уставот на Република Македонија. Но нешто друго. Преговараат колегите што се избрани тука во Парламентот, кои биле на избори, но се преговара и со терористите. Сега, кој со кого преговара,. Нешто неприродна ситуација. Кога го прашав и господинот Бадинтер ми вели за тоа незнам. Прашајте го за тоа Солана. Еве, Солана доаѓа утре, јас ќе го прашам, имам состанок со координаторите на пратеничките групи, ќе го прашам Солана која е гаранцијата? Зошто се преговара со терористите? Која е гаранцијата, еве и да се изгласаат промените, дали нема да се трансформира АНА или ОНА, или било како ќе Се нарече? Дали нема да ни се случува ова во наредниот Период? Мое убедување, можеби грешам, но мое убедување е дека е добро разработена стратегија. Целата шема се работи, ова е притисок во Македонија. И да Се признае Косово ова е тоа што трдба да се менува. Ќе го дадеме мирот во Македонија за да се признае независноста на Косово. Но што потоа? Потоа, ако се признае Косово тогаш по редот на нештата доаѓа Македонија. Знаете што ме прашува еден граѓанин знаете ли ви еполитичарите Дека ние не ви веруваме? Велам знам. Знаете дека лажете? Велам знам. Сега што ќе се случува во животот? Може ли некој да ни објасни што Ќе биде после ова? Па, незнам, велам. Па, и во Парламентот никој не знае. Вели: знаете што не ставивте вие политичарите: "Меѓу магарето и змијата". Вели: немојте, правите то ќе правите да не ни се случи прво магарето, а секако да не фати змијата.Кога станува збор за компромисот некој ќе каже, па добро ти немаш право да коментираш затоа што не го гласаш ова. Можеби критиките *ќе* бидат упатени, можеби и немам право да коментирам за она што верувам дека нема да успее и не го гласам. Можеби ќе бидам единствениот кој ќе згреши. Дај Боже да сум грешка во овој момент. Компромисот кој ќе оди, на чија штета ќе оди? Но, која е гаранцијата за компромисот, кога станува збор за сите оние плукања и обвинувања. Дали се сеќаваш како се љубевме госпоѓице Шеќеринска кога ни "пееше" ОНА што се случувало, имаме многу нешто да кажеме ние. Многу нешто за СДСМ да кажеме. Не е времето да плукаме сега. Знаете какво расположение постоеше кај граѓаните кога се создаде еден конгломерат на широка коалиција. Граѓаните рекоа добро е, еве паметни се македонците, ќе се обединат,

дај да ги надминеме овие македонски недоразбирања. Но, од таа работа не верувам ддка нешто ќе ни се случи.

Сега, од каде генезата и кој го потпишал договорот? Информации незванични од "А1" телевизија стојат дека договорот, некаде на 8 април кога беше потпишувањето на имплементацијата во Луксембург, договорот е склучен таму помеѓу господинот Џафери и Црвенковски. Можеби не е вистина но такви се информациите на А1 телевизија. Од тука произлегува дека *ќе* се прави голема коалиција, Се направи големата коалиција, дека се подготвуваат избори, и дека со заеднички настап помеѓу ПДП и СДСМ ќе се освои власта.

Она што неможам да го премостам е тоа што црквата се закача. Мислам дека државата се гради со лојалност, а не со разградување. Со бришењето на членот 19 од Уставот на Република Македонија за Македонската православна црква значи одземање на единствениот легитимитет. Без Црквата нацијата одамна ќе ја снемаше, а со тоа и државата. Црквата беше еден позитиевен ипмулс за легитимниот вековен правел врз кој опстојуваше и се надградуваше сенародниот дух. Ова го велам затоа што црквата во услови кога ја бара автохтоноста, автоќефалноста, која ја брани, знаеМе во каква положба е и не треба да ја обременуваме со додавање на другите концесии кои се во Република Македонија. Ги почитувам сите, тие се присутни во Македонија, но Црквата треба да си остане таква, негибната.

Од овие причини ги повикувам Владиките, Поповите, Игумените, Протереите нека се помолат за грешниците, нека запалат три свеќи, а не мора да фрлат анатема.

Она што во овој момент е најважно и набитно е да се обезбеди да се вратат луѓето во своите домови. Доаѓа зимата, луѓето се во Скопје, кај роднини, се губи трпението во овие услови, а знаеме масата на протераните луѓе дека се од тетовскиот крај, па и од кумановскиот, знаеме дека се на падините на Шара, доаѓа зимата, сигурно ќе биде тешко, но ќе биде тешко и за терористите, верувајте. Она што плаши е урбаниот тероризам. Тоа што се најавува во Скопје ќе биде уште пострашната утакмица, најголема што ни се случува во Тетово, во Ваксинце, во Гајре и незнам уште каде.

Загрижува и тоа што терористите работат со голема стратегија. Се уништуваат сите стопански објекти. Има најава дека сега треба да се уништи "Тетекс", "Пластика", незнам кој, ударот е према Тетово за да може да се пресече патниот правец, а за Гостивар се смета дека се е под контрола и не сака да се пипне ниеден објект. Што ќе прават тие наши и ваши сограѓани од македонскиот народ. Каде ќе работат? Ако се уништи "Тетекс", ако се уништат фабриките што ќе прават. Нема место за живот. Некој пратеник тука повика и вели и јас во такви услови ако нема разбирање, ако нема разбирање со соседот нема место за живеење. Пораката е пратена. Вие пополека вршите подготовка да се исселувате од едниот дел, а вие од другиот дел на Македонија. Да не испадне на проектот на кој плукаа многу тука за господинот Ефремов кој ја даде од МАНУ, некои да нежалиме после, да го бараме тој проект, затоа што многу го поплукавме.

Она што стои со години и го делам со дел од албанските пратеници, точна е констатацијата дека дел од проблемите неможеше ни една ни друга ни треба ни петта влада машки да каже и да се издоговори. Верувам ако за проблемите машки се договореа и ако не се одлагаа и не се мултиплицираа немаше да дојде до овој степен и ова што ни се случува денеска. Она што пак се поврзува и го враќаме пак назад е единството. Со покажувањето на неединството помеѓу македонските политички партии многу мудро играат албанските политички партии. Еднаш играат на СДСМ, другиот пат на ВМРО-ДПМНЕ. Многу паметно игаат, со стратегија . И Македонија мора да подготви стратегија. Ако не се способни македонците нека платат некој човек од странство и нека ни направи стратегија. Нека ни помогне некој. Нека направи каде ќе се движи Македонија. Нема просперитет за Македонија ако нема стратегија во надворешната политика, во внатрешната политика.

За крајот моето порачување би било, бидејќи некој милува да каже лесно е да плукаш, да поплукаш на се, дај да чуеме некое конкретно решение што е добро, да чуеме како да се движат работите, да ги подобриме работите.

Мое видување е она што значи обединување. Обединување на македонскиот политички блок. Да се ратифицира Конвенцијата за малцински права помеѓу Македонија и Албанија и најбрзо што може Македонија да влезе во Европа, да се надмине багажот кој го имаат и македонците и албанците на овие простори. Само така може да се надминат овие недоразбирања.

Она за кое некој би ме критикувал, затоа што не сум некој експерт по уставно

право, зошто не гласаш за дел од измените , промените на Уставот.

Не гласам затоа што македонскиот народ ќе го снема во Уставот. Ни влегува на голема врата консенсуалната демократија во системот на државата. Ќе се направи збир на недефинирани заедници, федерализација. Од овие причини јас нема да гласам за измени на Уставот.

Кога станува збор за НАТО, да не се добие една погрешна слика, ни едните ни другите, и макеоднците и албанците се за НАТО. Тоа го докажавме многу години и нема место тука за ќарување и добивање поени кај НАТО. НАТО треба да си ја заврши акцијата собирање, несобирање оружје. Сега ако спориме дали се 3000 парчиња, или 85000 парчиња, или ако се знае дека од магацините се изнесени околу 600.000 парчиња, од касарните од Албанија не спориме во тоа. Мисијата на НАТО и препорака од Слободан Даневски до претседателот на државата, кој го повикал НАТО, после мисијата да си замине. Му благодариме на целата помош, за се. Нема место да се отвораат ни случајни размислувања за некој си протекторат за Македонија. Мисијата на НАТО да си оди. Им благодариме на љубовта, да си заминат.

На крај, она што меѓу редови се пратија некои пораки. Господинот Хаџиреџа се обрати на оваа говорница кога се правеше широката коалиција и меѓу редови, софисцирано кажа ќе биде тоа, ама ќе имаме војна. Се случи тоа. И минатата вечер се обрати, тоа што плукаше по Универзитетот, по Академијата, по државата, тоа е негово право, но пак најави и да гласате и да не гласате ние си продолжуваме затоа што филозофијата е со оружје да се бараат човековите права. Нема право никој Македонија да ја продава. За мене сите тие се предавници. Само сонцето е постаро од Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ.**

Веќе нема говорници.

Според тоа, ја заклучувам расправата, го заклучувам претресот.

(Господинот Ханџиски бара збор деловнички).

Прво да го заклучам прересот.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Ако го заклучивте претресот, јас сакам да ве прашам, со оглед на тоа што бев пријавен за учество во дискусијата, ми дојде редот некаде пред два дена, меѓутоа како што знаете неколку пратенички групи, меѓу кои и нашата во интерес на усггешното привршување на седницата одлучија да се повлечеме. Јас ја испочитував таа одлука, меѓутоа по едно вакво значајно прашање, како што е имплементацијата на Мировниот план од кој што многу ќе зависи дали ќе не биде или не, јас едноставно неможам а да не се изјаснам. Затоа сакам да ве прашам дали ќе го испочитувате нашето делловничко право, во рамките на петте минути, дадени во Деловникот да образложиме како ќе гласаме.

**СТОЈАН АНДОВ.**

За тоа ќе дојде време. Ќе го почитувам.

Меѓутоа, сега предлагам...

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Или сега да земам збор.

**СТОЈАН АНДОВ.**

Не, не.

Расправата е заклучена, нема расправа.

Ве молам, ќе дадам пауза, колку е доволно пауза за да Се обават консултации. Кога да се собереме и да гласаме?

(Некои пратеници предлагаат во 15 часот).

Не може во 15 часот. Во 15 часот имам друга обврска.

Или во 14,30 часот или во 18 часот.

(Реакција на пратениците.

Добро, пауза до 14,30 часот.

Во 14,30 да Се собереме сите. Извршете си ги консултациите и тогаш *ќе* се гласа.

(Пауза од 13,35 часот).

(Пауза од 13,45 до 15,00 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратениците од Пратеничката група на Нова демократија замолија да ги причекаме малку.

Продолжуваме со работа.

Молам, притиснете на едно од копчињата да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата има вкупно 104 пратеници.

Според тоа, Собранието може полноважно да одлучува.

Предлагам Собранието на Република Македонија да ја донесе следната одлука:

Врз основа на член 131 став 1 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 6 септември 2001 година донесе Одлука за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија.

1. Се пристапува кон измена на

Уставот на Република Македонија.

2. Оваа Одлука влегува во сила веднаш, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Одлуката за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Продлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Молам, нема да го објавиме резултатот г. Ханџиски бара да објасни како ќе гласа. Има деловничко право од 5 мин.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, јас веќе Ве информирав дека бев пријавен за учество во расправата, дека почитувајќи ја одлуката на мојата пратеничка група за поефикасно завршување на расправата да се повлечеме, се повлеков од расправата, меѓутоа, исто така најавив дека по едно вакво значајно прашање, каква што е имплементацијата на Мировниот план од која многу ќе зависи тоа дали ќе не биде или не, едноставно не можам, а да не се произнесам. Затоа го користам деловничкото право на 5 мин. за образложение.

Господине Претседателе на државата, господине претседателе на Владата, членови на Владата, почитувани колеги,

Јас ќе гласам за иницијативата на Председателот за измени на Уставот, не затоа што немам дилеми или што мислам дека имам потреба од сите најавени измени, напротив, да дојдеше една таква иницијатива порано пред кризата најверојатно за поголемиот дел од измените немаше да дадам поддршка, едноставно заради тоа што знам, а во текот на досегашната расправа тоа го потврдија неколку колеги пратеници Албанци дека практично за сите отворени прашања кои треба да се затворат со тие измени има основа во постојниот Устав. Тоа што требаше да го правиме или направивме во претходниот период е доследно и нерестриктивно да ги читавме одредбите од нормативниот дел на постојниот Устав и на време да ги преточиме во правни акти, затоа што од преамбулата на Уставот не произлегува ни едно отворено прашање кое го затвараме со овие измени и затоа што со нејзините промени никој не добива ништо.

На таков начин се разрешија, како што знаете, многу од отворените прашања, како што е тоа случај со прашањето на образованието во сите свери, со Законот за високото образование што го донесовме минатата година, на таков начин ќе се разрешеа прашањата за децентрализација на власта со Законот за локална самоуправа кој веќе помина низ две фази овде, на таков начин можеше да се разрешат и повеќето отворени прашања, па дури и прашањето на донесување усогласен Деловник со правото на националностите да се обраќаат од оваа говорница на мајчин јазик, која постои повеќе од 50 години.

Што се случи во изминатите три години или во последните 7 - 8 месеци за да одлучам да гласам за иницијативата на Претседателот за измени на Уставот. Па, како што знаете, се случија многу работи и тоа не на добро, туку на лошо и во нашето непосредно соседство и на меѓународен и внатрешен план. Мислам дека сега не е време да се навраќам на тие промени не затоа што не е важно да се знае зошто дојде до тие промени, дали можеше да се предвидат, дали можеше да се спречат, туку затоа што сега има нешто поважно или нешто најважно, а тоа е да понудиме излез од длабоката политичка, безбедносна, економска, финансиска, социјална, морална или каква не криза во која западнавме.

Затоа на нашиот народ кој пати и страда, кој го изгуби мирот и спокојството и стои стаписан пред својата сеуште неизвесна иднина, како негови пратеници треба отворено да му кажеме дали има излез од кризата и дали излезот се наоѓа во имплементацијата на Мировниот план.

Јас сум убеден дека со неговата имплементација, а не со други акции, со поддршката на Меѓународната заедница, а не без неа, може да се разоружа и распушти ОНА и нашите безбедносни сили да ја повратат контролата на целокупната територија. Тоа е најкраткиот иако многу трнлив пат да се создадат услови за враќање на сите насилно населени лица, да се обноват нивните опожарени и опустошени домови, да се врати мирнодопскиот живот. Ако бидеме принудени да тргнеме и по друг пат ќе го направиме и тоа, но тогаш ќе ни биде мирна совеста дека сме направиле се да се избегне најлошото. Затоа и толку често се поставуваше децентрализација на власта со Законот за локална самоуправа кој веќе помина низ две фази овде, на таков начин можеше да се разрешат и повеќето отворени прашања, па дури и прашањето на донесување усогласен Деловник со правото на националностите да се обраќаат од оваа говорница на мајчин јазик, која постои повеќе од 50 години.

Што се случи во изминатите три години или во последните 7 - 8 месеци за да одлучам да гласам за иницијативата на Претседателот за измени на Уставот. Па, како што знаете, се случија многу работи и тоа не на добро, туку на лошо и во нашето непосредно соседство и на меѓународен и внатрешен план. Мислам дека сега не е време да се навраќам на тие промени не затоа што не е важно да се знае зошто дојде до тие промени, дали можеше да се предвидат, дали можеше да се спречат, туку затоа што сега има нешто поважно или нешто најважно, а тоа е да понудиме излез од длабоката политичка, безбедносна, економска, финансиска, социјална, морална или каква не криза во која западнавме.

Затоа на нашиот народ кој пати и страда, кој го изгуби мирот и спокојството и стои стаписан пред својата сеуште неизвесна иднина, како негови пратеници треба отворено да му кажеме дали има излез од кризата и дали излезот се наоѓа во имплементацијата на Мировниот план.

Јас сум убеден дека со неговата имплементација, а не со други акции, со поддршката на Меѓународната заедница, а не без неа, може да се разоружа и распушти ОНА и нашите безбедносни сили да ја повратат контролата на целокупната територија. Тоа е најкраткиот иако многу трнлив пат да се создадат услови за враќање на сите насилно населени лица, да се обноват нивните опожарени и опустошени домови, да се врати мирнодомскиот живот. Ако бидеме принудени да тргнеме и по друг пат ќе го направиме и тоа, но тогаш ќе ни биде мирна совеста дека сме направиле се да се избегне најлошото. Затоа и толку често се поставуваше прашањето дали има гаранции дека овој план ќе успее или дека ќе биде испочитуван, одговорот може да биде и има и нема. Јас верувам дека има ако сите си ги исполнат обврските кои ги преземаат. Некои сеуште ги одбегнуваат и дури прават секојдневни провокации и обиди да го попречат процесот. Затоа се поставува прашањето кому тоа му одговара на тие што прават се да се зачува териоријланиот интегритет, унитарниот и граѓански концепт на државата или на тие што под маската на борбата за некакви човекови права потегнаа оружје по нашите територии и сакаат војна, а не мир, размена на население, а не соживот.

Почитувани колеги, во досегашната војна претрпевме огромни штети. Ако го поддржиме Мировниот план кој сега е единственото решение за излез од кризата, (претседателот го опоменува дека се поминати 5 мин.) ако опстоиме на сите провокации, ако ја задржиме поддршката на Меѓународната, завршувам Ве молам уште една реченица, знам дека зборувам 5 мин., поддршката на Европската унија и НАТО еден ден порано или подоцна тие штети ќе ги надокнадиме. Тоа што не можеме да го залечиме се раните на нашите ранети бранители, тоа што не можеме да го надокнадиме се животите на тие што загинаа во досегашните борби. Со ништо не можеме да им ја надокнадиме загубата на родителите што ги изгубија своите синови (опомена од претседателот) и на сирачињата што ги изгубија своите родители.

Ако со нашата поддршка на Мировниот план придонесеме да се постигне траен мир и стабилност, ќе покажеме, на најдобар начин дека нивните животи не згаснаа залудно. Затоа треба да направиме се да се врати мирот и спокојството, да се врати надежта дека имаме иднина, дека сите националности, а пред се албанската се за заеднички соживот и тоа да го искажат на најтранспарентен начин, како што тоа денеска го направија колегите Абдурахман Алити и Ризван Сулејмани.

Затоа сум за поддршка на Мировниот план, нас не чекаат нови искушенија и многу работа. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве има и други што се јавија, јас ги молам да се држат до одредбите на Деловникот. Имаше време кога да се зборува, го заклучивме претресот, а сега само кратки објаснувања во рамките на тие 5 мин кои следуваат.

Господин Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Благодарам г. претседателе, ова е моја прва можеби и последна деловничка интервенција во целата постапка, јас сакав да се обратам до вас затоа што сметам дека ова гласање е прикладно да го спроведеме најпрвин сепак со пишан текст на Одлуката која ја гласаме, да ја имаме пред себе. Вие ја прочитавте, но не ја паметам, барем не во доволен обем едно, а друго мислам дека е упатно да се произнесеме со рацете, а не со помош на техниката.

Тоа би биле двете мои деловнички забелешки, ако допуштате, јас веднаш би кажал како ќе гласам, никако во рамките на петте минути, ќе гледам да сум многу краток, јас ќе гласам против овој предлог од ниа причини кои ги изнесов, а и кои ги слушнав од други колеги и колешки, но сакам секому да ставам на знаење моето гледиште дека никој од тие што гласаат "за", "против", "воздржан" или воопшто не гласаат не се ниту борци за мир ниту борци за војна. Војна или

мир тоа се решава на други места, непотребно тука си фрламе хипотеки еден на друг, евентуално можеби не сите фрлаат такви хипотеки. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван Претседателе на државата, почитуван премиер,јас ќе го искористам деловничкото право да соопштам каков е ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ е пред малку изграден на последната координација дека ќе го поддржи пристапувањето кон промена на Уставот во оваа фаза. Така, позитивен ќе биде гласот, а ако некој од поединците пратеници искажат спротивно мислење, тоа е нивен личен став.

Благодаранм.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Одлуката е многу кратка и не е посебна точка на дневен ред, па затоа текстот не го делевме, туку е еден вид заклучок, но има сила на одлука. Еве ќе ви ја прочитам уште еднаш. Таа гласи:

Врз основа на член 131 став 1 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 6 сегггември 2001 година донесе Одлука за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија.

1. Се пристапува кон измена на Уставот на Република Македонија.

2. Оваа Одлука влегува во сила веднаш, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Тоа е текстот на Одлуката.

Уште еднаш Одлука за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Вкупно гласале 112 пратеници, за гласале е1, воздржано гласале тројца пратеници, против гласале 18 пратеници.

Господинот Тодоров бара процедурално.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Бидејќи се сомневам во техниката при гласањето, барам поддршка од 10 пратеници за јавно гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има поддршка, 12 пратеника кренаа рака, молам да спроведете поединечно гласање.

(Реакција од пратениците).

Молам да се обави поединечно гласање.

Ве молам за тишина поединечно да се гласа.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИК-ЧУКАЛИЕВА:**

| | |
|---|---|
| ЈОНУЗ АБДУЛАИ | за |
| АБДУРАХМАН АЛИТИ | за |
| АБДУЛА АЛИУ | за |
| МИЛОЈКО АНГЕЛОВСКИ | за |
| СТОЈАН АНДОВ | за |
| КИРИЛ АНДОНОВСКИ | за |
| ЉУПЧО АНУШЕВ | против |
| АМДИ БАЈРАМ | отсутен |
| 9.ДЕМУШ БАЈРАМИ | за |
| ФАДИЛ БАЈРАМИ | за |
| ДИМИТАР БАТКОСКИ | против |
| МЕРСЕЛ БИЉАЛИ | за |
| ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА | отсутна |
| ЈОРДАНБОШКОВ | против |
| ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ | за |
| АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ | за |
| СЛОБОДАН ГАРЧЕСКИ | за |
| ВАСИЛ ГАЏОВСКИ | за |
| МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ | за |
| ТРАЈКО ГЕШОСКИ | за |
| АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | за |
| ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ | отсутен |
| ПЕТАР ГОШЕВ | за |
| СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ | против |
| ЗАМИР ДИКА | за |
| ВАНЧО ЃОРГИЕВ | за |
| ИЛИЈА ГОРГИЕВ | за |
| ФАТМИР ЕТЕМИ | за |
| ВАСИЛ ЕФТИМОВ | за |
| НАСЕР ЗИБЕРИ | за |
| ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО | отсутен |
| МИРКО ИВАНОВ | за |
| ИЛИЈА ИЛОСКИ | за |
| ДЕЛЧЕ ИЦКОВ | за |
| НИКОЛА ЈОВАНОВ | против |
| ВЕСНА ЈОВАНОВСКА | за |
| МАРИКА ЈОРДАНОВА | за |
| НАЗМИКАДРИУ | за |
| РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ | против |
| ЖАРКО КАРАЏОСКИ | за |
| МИТКО КИРОВ | за |
| ЛАЗАР КИТАНОСКИ | за |

| | |
|---|---|
| САВО КЛИМОВСКИ | против |
| СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | за |
| ЃОРГИ КОТЕВСКИ | против |
| ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ | за |
| ИЛИЈА ЛАЗАРОВ | за |
| ГОРАНЧО ЛАЗОВ | за |
| БИЛАЛ ЉУТФИИ | за |
| ВАСЕ МАНЧЕВ | за |
| НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ- ДИМОВА | воздржана |
| ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА | за |
| ДИСПИНА МАРКОВСКА | против |
| ЗВОНКО МИРЧЕСКИ | против |
| ДРАГАН МИТЕВСКИ | за |
| КИРИЛ НАСТЕСКИ | за |
| РУБЕНС НАУМОВСКИ | за |
| ГОРАН НЕВЕНОВСКИ | против |
| ЛАТИФ ПАЈКОСКИ | за |
| АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ | за |
| ВАНЧО ПАНЧЕВ | за |
| ИЛИЈА ПЕМОВ | за |
| ТИТО ПЕТКОВСКИ | за |
| ЧЕДО ПЕТРОВ | за |
| ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ | за |
| ФИЛИП ПЕТРОВСКИ | против |
| АЗИС ПОЛОЖАНИ | за |
| СТОЈАН ПОПОВ | против |
| ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | за |
| НИКОЛА ПОПОВСКИ | за |
| ИЛИЈА ПРАНГОСКИ | за |
| ИСМЕТ РАМАДАНИ | за |
| ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ | за |
| НЕНАД РИСТОВСКИ | против |
| АЦЕ САЈКОСКИ | за |
| АСЛАН СЕЛМАНИ | за |
| БОРЧЕ СИБИНОВСКИ | за |
| ВАНГЕЛ СИМЕВ | против |
| РИСТО СПАНАКОВ | воздржан |
| КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ | за |
| ГОРЃИ СПАСОВ | за |
| МИЛАН СТАВРЕВ | за |
| СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | за |
| БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ | за |
| ВОИСЛАВ СТОЈАНОСКИ | против |
| КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА | за |
| НАКЕ СТОЈАНОВСКИ | за |
| ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | за |
| БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | за |
| ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ | против |
| ВЛАДО СУГАРЕВСКИ | за |
| ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | за |
| РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ | за |
| МУХАМЕД ТАИРИ | за |
| АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ | за |
| МЕВЉАН ТАХИРИ | за |
| МИТКО ТИЛЕВСКИ | за |
| ЃОРГИ ТОДОРОВ | против |
| РИСТО ТОДОРОВ | за |
| ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ | за |
| ПАНДЕ ТОМОВ | за |
| КОЦЕ ТРАЈАНОСКИ | за |
| ГОРАНЧО ТРАЈКОВ | за |
| ТАНАС ТРАЈКОВСКИ | за |
| АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ | за |
| БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ | за |
| СЛОБОДАН ЌОСЕВ | за |
| ТАКИ ФИТИ | за |
| ИЛЈАЗ ХАЛИМИ | за |
| АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | за |
| БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ | за |
| МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ | против |
| ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ | за |
| АРБЕН ЏАФЕРИ | за |
| ХИСНИ ШАЌИРИ | за |
| АЛИЈА ШАХИЌ | за |
| РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА | за |

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вкупно гласале 112 пратеници.

"За" гласале е1 пратеници. "Против" гласале 1е пратеници. "Воздржано" гласале 2 пратеници.

Констатирам дека одлуката за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија е донесена.

По повод донесувањето на одлуката за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Подносителот на Предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија во рок од 10 дена да подготви и на Собранието да му достави текст на Нацртот на амандманите на Уставот на Република Македонија.

2. Овој заклучок да се достави до претседателот на Република Македонија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 98 пратеници.

89 пратеници гласале "за". 3 пратеници гласале "воздржано". 6 пратеници гласале "против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 80-тата седница на Собранието на Република Македонија.

При тоа ве известувам дека 81-та седница која беше закажана да почне оваа седница ја одлагам.

Ќе бидете известени кога ќе се одржи таа седница.

(Седницата заврши во 15,30 часот).